*Зорица САЛТИРОВСКА*

**УДК: 355.1-055.2**

# АНГАЖИРАЊЕТО И УЛОГАТА НА ЖЕНИТЕ ВО СОВРЕМЕНИТЕ КОНФЛИКТИ И АРМИИ

**_Кратка содржина_**

*Војната отсекогаш имала влијание врз луѓето на различни начини, но се чини никогаш толку многу како во современите конфликти. Иако жените не се рамноправно вклучени во воените акции, тие сепак најмногу ги трпат последиците од насилството кое е во основата на секоја војна и вооружен конфликт. Во современите конфликти, 80% од жртвите се меѓу цивилното население, и тоа најголем дел се жени и деца. Жените од општества разрушени од конфликти се соочуваат и со специфични форми на насилство најчесто распоредени систематски за постигнување на воени и политички цели. Здружено со дискриминацијата и неспроведувањето на законите во постконфликтниот период, сексуалното насилство ги спречува жените од пристап кон едукација, финансиска независност и од учество во управувањето и градењето на мирот. Иако тие придонесуваат на многу начини (главно неформални) за разрешување на конфликтите, нивната застапеност во формалните мировни процеси е многу слаба. Таквата исклученост неизбежно води кон неуспех во давањето содветен одговор на проблемите на жените, како што се сексуалното и шовинистичкото насилство, постконфликтните одговорности и правата на жените.*

***Клучни зборови:*** *КОНФЛИКТИ, АРМИИ, ЖЕНИ, НЕРАМНОПРАВНОСТ*

## *Вовед*

Една од карактеристиките на новиот светски поредок е зголемената посветеност на меѓународната заедница на решавање на насилните конфликти и нивно надминување како средство за постигнување на спротивставените цели. И покрај сите напори во таа насока, не се зголеми безбедноста ниту на луѓето, ниту на државите во светот. Напротив, светот беле-

жи зголемување на вооружените конфликти, и промени во нивната природа. Случувањата во светот покажуваат дека безбедноста на државите и народите е мошне ризична и дека светот во кој живееме е опасен и несигурен, кога е во прашање безбедноста на луѓето, а пред сè, цивилите од кои повеќето се жени. Во земјите погодени од конфликт, жените се често маргинализирани и нивните придонеси не се вреднуваат доволно, иако не се помали од придонесите на мажите. Фактот дека жените добија право да се вклучат во вооружените сили на многу држави во светот, не треба да се смета како знак дека е ставен крај на нивната дискриминација. Различните улоги во современите армии за кои се изборија, не ги намалија контраверзните сфаќања за улогата на жената како воин. Аргументите кои се користат за да се прикаже војувањето како машка работа која е неприродна за жените се без основа и ја изгубиле важноста како пречка за учество на жените во борбените единици врз рамноправна основа со мажите.

Освен предизвиците кои современиот конфликт ги носи за жените кои се решени да земат оружје и да се борат и притоа да бидат повредени и убиени, неговата ескалација обично е придружена и со сексуално насилство врз жените, огромен товар да преживеат за да продолжат со грижата за децата и старите, внатрешно раселување и најголема сиромаштија. Настраданите жени ги чувствуваат последиците од насилството и по завршување на конфликтот, што резултира со зголемување на женската смртност. Сепак, за време на конфликтот и по него, жените демонстрираат капацитет да ги надминат сите тешкотии поврзани со насилствата, да преживеат, да им помогнат на другите и да дадат свој придонес во градењето на мирот. Нивното вклучување во решавањето на конфликтните процеси и признавањето на порастот на родовото насилство е голем напредок во глобалните напори на женските движења да се спротивстават на родово-базираното насилство и споредната улога во воената сфера. Општо земено, дискриминаторските ставови и практики околу нивната улога во вооружените конфликти негативно се одразуваат врз можностите за учество, водство и донесување одлуки во мировни процеси.

### *Современи конфликти и армии*

Насилството, конфликтите и војните, придружени со забрзаниот развој на модерната наука и технологија, ја претставуваат најголемата закана за безбедноста во современиот свет, кој се соочува со смртоносни ризици и опасности кои не биле ни на повидок во времето на Студената војна и пред неа. Потенцијалните извршители на овие дела против луѓето, денес се многу поразновидни и потешко се откриваат, а опасностите не

доаѓаат само од национални држави, туку и од мали групи и поединци. Во современата ера, и конфликтите и насилството добиваат современа форма. Современите конфликти се рефлексија на современата ера на човечката историја. Но современоста значи многу повеќе од технолошкиот прогрес и од воени дејствија со примена на софистицирани и масовно произведени оружја. Севкупноста на современиот конфликт ги вклучува стратегиите, политиките, ресурсите кои државата ги употребува, степенот до кој луѓето и материјално-техничките средства на противникот може да бидат видени како легитимни цели и степенот до кој социјалните и културните притисоци може да дејствуваат врз конфликтот и неговото разрешување.

Новата технолошка револуција во воената област, значајно ја измени физиономијата на војувањето, нејзиниот карактер и начинот на водење на воените операции. Современото оружје и ракувањето со него не бара само физичка сила, туку многу повеќе од тоа има потреба од знаење и ум, а овозможува и дејства од поголеми далечини (од воздушниот простор и вселената, со помош на електромагнетни бранови, информациски системи, сензорски, компјутерски, дигитални, комуникациски, автоматски технологии и слично). При неговата употреба не се води многу сметка за тоа кои цели се легитимни, туку секоја цел чие уништување ветува слабеење на моќта на противничката страна, може да биде видено како легитимна цел. „Идејата на нелегитимни цели и намери, од критериум на праведност и пропорционалност, сè повеќе е безначајна во реализирањето на целите на современиот конфликт“ (Шихан, М.; 2007, 55). Освен тоа, Современиот свет се соочува и со нови закани и облици на загрозување на безбедноста на државите, нациите и луѓето воопшто, кои бараат и нови форми на обука за нов тип воени операции, кои ќе соодветствуваат на колективните напори за спротивставување на таквите загрозувања. Борбата против организираното насилство кое го карактеризира современиот свет, не може да се води со класична конвенционална војна, туку со брза интервенција и мобилност на боиштето од страна на обучен и подготвен персонал за широк спектар на сценарија од мировна операција до воена, логистичка самостојност, функционална и технолошка флексибилност и можност за интегрирање во мултинационалните вооружени сили.

Целите и намерите на современиот вооружен конфликт се исто така променливи и произлегуваат не само од националните интереси, туку често се фокусирани и на политичкиот идентитет. Овие конфликти може да избијат во обидот да се спроведе етничко чистење или пак, религиозно инспирирана света војна и се многу брутални. Тие се, и покрај тоа, не помалку политички, направени со стратешки цели, како што се на пример, контролата врз вредни ресурси, или утврдување на државната политика (Шихан, М.; 2007:62).

За да може да одговорат на новите предизвици, државите ги трансформираат своите воени организации во современи армии, кои ќе им ја овозможат потребната стручност на современите војници-техничари. Воведувањето на софистицирана технологија во армиите ги брише границите меѓу воената и цивилната стручност, така што пристап во армијата им е овозможен не само на оние кои се физички силни, туку и на оние кои имаат знаење и стручност. Со тоа се постигнува поголема доследност во почитувањето и примената на правата на граѓаните во доменот на воената служба и што е од особена важност, се намалува дискриминацијата базирана на полот.

Современите армии се формално организирани, хиерархиски структурирани, специјализирани воени сили на државата, врз кои се остварува цивилна и демократска контрола. Според тоа, тие се државниот актер во современиот конфликт. Покрај нив, често во конфликтот се вклучени и недржавни борбени групи кои вклучуваат „герила-армии, криминални банди, странски платеници, паравоени групи израснати од локални воени водачи, крвно сродствени кланови, меѓународни чувари на мирот, терористички мрежи и слично“ (Бејлис, Џ.; 2007:62). Нивните цели се исто така најчесто политички, групите тешко се дефинираат, а материјално се „одржуваат не само од формалните и централизирани национални економии и одбранбени индустрии, туку и од приватни производствени и финансиски мрежи, организирани локално или глобално. Таквите извори може да вклучуваат грабежи и кражби, земање заложници и барање откуп, уцени, шверцување дрога и оружје, перење пари, материјална поддршка од дијаспората, асистирање однадвор и распространување на хуманитарна помош“ (Шихан, М.; 2007:63). Со тоа се произведуваат нови политичко-културни форми на организирано насилство кое не е насочено само против вооружените сили, како државен актер кој ќе им се спротивстави, туку воопшто кон целото општество и неговите граѓани. Така, во современиот свет исполнет со бројни безбедносни закани, никој не е поштеден од последиците на дејствувањето на загрозувањата, ниту државата, ниту индивидуата, без оглед на припадност на расата, верата, возраста или полот.

### *Жените во современите армии*

Историјата на учеството на жените во војските е стара повеќе од 4.000 години. Притоа, нивните улоги биле разновидни и многубројни, од антички жени-воини, па сè до жени кои во моментов учествуваат во современите конфликти и во нивното разрешување. Вклучувањето на жените во армиите главно е доброволно, а често подразбира и ангажирање во борбе-

ните единици. Сепак, нивното ангажирање често предизвикува различни коментари и полемики насочени кон решавање на ова прашање, пред сè, поради тоа што улогите кои ги имаат во армиите ги ставаат најчесто во нерамноправна положба со мажите. Тоа значи дека во армиите постои родова поделба на трудот која не е избришана дури и во оние случаи кога жените добиле формална еднаквост, а има корени уште во бездржавните општества, кога „економските и физиолошките разлики меѓу мажите и жените кои ги фаворизирале мажите како ловци на животни, го фаворизирале изборот на мажите и како ловци на луѓе“ (Kazi, 1993:15).

Начините на кои жените учествуваат во современите армии имаат широки импликации врз нивната позиција во општеството. „Различните групирања на мажите и жените се различно позиционирани и различно учествуваат и во вооружените сили и во војните“ (Дејвис, 1997:146). Овој аспект на војувањето ги конструира мажите како воини, како природно поврзани со војувањето, наспроти жените кои природно му се спротивставуваат.

Учеството на жените во армиите често се поврзува со нивното настојување на тој начин да обезбедат автоматски пристап кон граѓанските права. Ваквата поврзаност постоела уште од Француската револуција, иако служењето во вооружените сили, и пред и по неа, буквално никогаш не го опфатило целото население, а граѓанските права само делумно кореспондирале со активната служба. Правата и позициите на граѓаните во општеството не зависат од нивното учество во вооружените сили, туку од капацитетот и алтернативните извори на цивилна моќ и влијание. Формалното вклучување на жените во вооружените сили може само делумно да се поврзе со нивната општествена ополномоштеност и зависи од природата на политичкиот проект што довел до општествената промена. Значајно е што прашањето за процентот и квалитетот на учеството на жените во западните армии се актуелизира по укинувањето на регрутацијата и служењето на воениот рок, како карактеристика на граѓанскиот статус (Дејвис, 1997:150-152). Во современите армии, учеството на жените е поевидентно, наспроти очекувањата дека со укинување на оваа граѓанска должност и нејзино заменување со професионална работа, интересот драстично ќе се намали. Покрај професионализацијата на армиите, современото војување исто така овозможило поголемо влегување на жените во воените задачи. Со постојаниот развој на воената технологија, разликите во физичката сила меѓу мажите и жените сè повеќе ја губат важноста како пречка за рамноправно учество на жените во современите армии. Но, она што го отежнува одредувањето на нивното процентуално учество се разликите во класификацијата на цивилните и воените работи меѓу армиите, со што различно се дефинираат границите на тоа што е вооружена сила. Жените-

војници најчесто се поставуваат во улоги кои во голема мерка го одразуваат цивилниот родов пазар на работна сила, а мал број од нив извршуваат специфични воени задачи.

Еден од главните мотиви на жените за вклучување во современите армии е шансата да добијат моќ и влијание (и физичко и емоционално), да утврдат нов идентитет, вештини и почитувани општествени позиции и да се борат за каузите во кои веруваат. Во армијата тие се еднакво платени со мажите, добиваат можност за обука и напредување, а по нејзиното напуштање, знаењата им овозможуваат да се вклучат на цивилниот пазар на работна сила. Па сепак, нивното исклучување од борбените улоги ги спречува во целост да ги искористат можностите за напредување во армијата (а подоцна и во цивилството), врз рамноправна основа со мажите (Дејвис, 1997:156-162).

Во историјата на војувањето, жените почнале да добиваат позначајна улога дури во 18-тиот век. Но нивното масовно вклучување во армиите секогаш било поврзано со војни и револуции по чие завршување жените биле демобилизирани, и повторно се враќале на своите „женски" работи во цивилството. Иако женскиот придонес во војните секогаш бил голем, никогаш не бил доволно вреднуван, а честопати нивните улоги во вооружените сили биле споредни. Единствено апсолутната итност за мобилизирање на целата популација, ја предизвикувала неизбежната експанзија на улогата на жената во воената сфера. Дури во 70-тите години на 20-тиот век, повеќето западно-европски армии почнале да вклучуваат жени во своите редови, но не на сите им дозволувале активни воени улоги. Денес, во државите кои имаат професионални армии создадени се правни услови и претпоставки за активно вклучување на жените во професионалниот состав. Во останатите држави, жените може доброволно да се пријават да служат воен рок, а Израел е единствена држава која има воена обврска за жените и која освен служење во резервата, подразбира и регрутација и служење на воен рок. Карактеристичен пример е и Швајцарија, чиј модел на воена организација обезбедува ангажирање на жените за потребите на армијата во војна, но не во рамките на воената организација, туку како посебни женски служби.

Израелските потреби за војници и традиционалната рамноправност меѓу мажите и жените придонела да создадат воена организација во која рамноправно се вклучени двата рода. Жените се целосно интегрирани во вооружените сили, иако постојат единици кои се составени само од жени ("Chiba" и "Yachas"). "Chiba" е единица за противтерористички акции, а "Yachas" е единица за решавање социјални проблеми. Девојките од оваа единица работат во цивилните болници, во образованието, воената обука, социјална заштита и други професии, со што ги задоволуваат потребите во

цивилниот сектор. “Nahal” е елитна единица, која во својот состав е пополнета со 50% жени, а нејзина задача е одбрана и населување на ненаселените места. Општо земено, жените во армијата на Израел:

- посредно ги зајакнуваат борбените можности на армијата со извршување на административни, стручни и помошни работи, со што се ослободуваат повеќе мажи за борбени задачи;
- се оспособуваат да се бранат себеси, своето семејство и домовите;
- даваат помош на образовните и социјалните установи на армијата.

Поради ваквата улога во армијата, и поради тоа што се надвор од воените активности, кај жените-војници потои чувство на навреденост. Високообразовани, талентирани жени често добиваат должности кои се далеку под нивните можности. Службата на жените во армијата е мотивирана само од воените потреби, а не од чувството на потреба за поголема еманципација на жените. Поради тоа, движењето на жените бара жените да добијат можност да се соочат со своите обврски кон заедницата и да започнат „повторно ослободување“ во вооружените сили. Дилемата дали жените да бидат дел од армијата или не, и на кој начин, е присутна дури и во Израел, за кој обично се смета дека го решил ова прашање. Искуствата од многу држави во ангажирањето жени во своите армии покажуваат дека учеството е симболично и главно резултат на историското наследство и традициите од периодите на војни во минатото или пак на притисоците од страна на феминистичките организации кои биле доволно гласни да покажат дека жените сакаат еднаков третман со мажите и во воената сфера. Преку своите движења и акции за рамноправност жените ја постигнаа законската еднаквост во речиси сите општества. Проблем е различната примена на постоечката законска регулатива која создава индиректна дискриминација.Така, секој потег на воените власти, поврзан со ангажирањето на жените во армиите, посебно на борбените должности, во многу земји предизвикува бројни полемики, несогласувања и непризнавање на нивниот потенцијал како војници.

### *Војувањето и жените*

Во секое човечко општество кое ја практикувало, војната била област во која најмногу биле истакнати родовите разлики. Низ историјата, војната била прикажувана како убедливо најзначајната машка надлежност, како единствена величествена околност во која покажувањето на машкоста се сметало за апсолутно суштинско за успех. Поврзаноста на мажот со воинот е толку блиска, што во многу јазици двата термина се поистовету-

ваат. Учествувањето на жените во војната го намалувало нејзиниот општествен престиж. Ако мажите биле принудени да војуваат заедно со жените или да им се спротивставаат како непријатели, со можност да бидат победени, тогаш за нив вооружениот судир би го изгубил своето значење и можеби би довел до негова завршница. Низ историјата има ситуации кога жените се бореле исто како и мажите и се истакнале како нив. Сепак, таквото откритие секогаш водело до нивно отпуштање од страна на машкиот естаблишмент кој поради причини кои немаат врска со квалитетот на учинокот на жените, се срамел од нивното присуство (Creveld, 1991:185).

Уште од Стариот завет, па сè до шпанските бунтовници против Наполеон, многу ретки биле бунтовите во кои жените немале истакната, понекогаш и одлучувачка улога. Сепак, првото масовно вклучување на жените во борбените единици е забележано во текот на војната на Шпанија против освојувачката армија на Наполеон. Во 17-тиот век, имало голема побарувачка на жени во војните, но тие главно требало да се грижат за војниците. Во раната модерна Европа, жените традиционално учествувале во побуни. Всушност, побуните почнувале со демонстрации на жените, кои ги повикувале мажите во акција, и јасно покажувале за што се способни во немирни времиња. Но, кога востанието ќе започнело, улогите на половите се менувале. Вооружените мажи добивале водечка улога, а жените биле тука да ги поддржат. Иако во почетокот имало доволно простор за двата пола, откако мажите се организирале и востановиле политичка структура која ги исклучува жените, тие биле приморани да се повлечат од центарот на вниманието. Ваков бил случајот со револуциите и бунтовите во Франција во 1793 и 1795 година, но и во други држави во 18-тиот век. Во Париската комуна од 1871 година, стотици жени од Париз се јавиле на повикот на Унијата на жените за одбрана на Париз и активно се вклучиле во редовите на националната гарда.

Во Првата светска војна, поради големите загуби и потребата за дополнителни борци, Велика Британија и САД во своите армии ангажирале и жени. Во армијата на Велика Британија биле ангажирани 105.000 жени, кои извршувале главно помошни должности (санитетски, транспортни, и административни) и немале целосен статус на војници. Во армијата на САД биле ангажирани речиси 34.000 жени со статус на војници и често извршувале борбени должности. Сепак, медицинските сестри биле речиси единствена област на женски придонес во Првата светска војна. Само преку оваа област жените можеле да се најдат на фронтот и да ја доживеат војната. На доброволните медицински сестри не им била дозволена фронтовата линија сè до 1915 година. Единствено привремената руска влада била расположена да ги распореди воинствените жени на борбените линии во значителен број.

Традициите од Првата светска војна, Велика Британија и САД ги продолжиле и во Втората светска војна, а им се придружиле и голем број други земји, меѓу кои и СССР, Франција и Грција. Во услови на глобален конфликт од големи размери против јасни агресори, потребата од човечки ресурси предизвикала зголемување на улогата на жените. Но, по војната, повеќето од нив ги напуштиле вооружените сили. Оние кои останале заради кариера, во поствоените армиски сили, се соочиле со застарените дискриминаторски ставови и со потешки можности за напредување.

Учеството на жените во вооружените сили за време на војни и конфликти е вообичаено. Националните кризи и војни секогаш предизвикуваат национално поврзување и патриотизам, сконцентрирани во вооружените сили и без предрасуди, дури и врз основа на полот. Во ослободителните армии, разлики постојат во однос на начинот на кој жените биле вклучени во борба. Првиот начин е кога жените се користат како симбол на ослободување и модернизација и притоа тие се охрабрувани активно да се вклучуваат во вооружените сили. Вториот начин е кога жените се користат како симбол на националната култура и традиција, кои треба одново да се освојат и притоа жените буквално се исклучени од формалното учество, а природата на нивните споредни улоги внимателно се контролира (Дејвис, 1997:160).

Со професионализацијата на армиите и нивно осовременување, можноста за учество на жените во вооружените конфликти и нивното разрешување е зголемена. Неодамнешните случаи како во Алжир, Виетнам и палестинската Итифада, дури сугерираат дека обемот во кој се вклучуваат жените во народните бунтови и во борбените дејства, претставува мошне добар показател за нивниот последователен успех. Додека се бореле, страдале и пролевале крв, храброста прикажана од нив била голема, па дури и поголема од таа на мажите. Во текот на Заливската војна, учеството на жените достигна највисока точка. Сепак, отпорот кон нивното ангажирање во современите конфликти сè уште е голем. Жените играат важна улога во основните нивоа во залагањето против конфликтите, управување со нивниот тек, како и за обнова на општеството по конфликтите (економска, културна, социјална). Нивното вклучување со учество на повисоко ниво преку преговори за мир е мошне ретко. Женските улоги во општеството сè уште се на примарни-основни нивоа, а по завршување на конфликтот се менуваат со традиционалните улоги кои ги имаат во општеството.

Најчесто наведувана причина за неучество на жените во вооружените конфликти, е стравувањето дека нивното заробување ќе доведе до силување, како дополнување на другите видови малтретирање. Во најголем дел од историјата, масовното силување од војничка гледна точка била една од главните цели на војувањето. Во секој случај, желбата за спасување на

жените од насилството на непријателите, не ги спречи жените да учествуваат во бројните бунтови и востанија, без да ја уживаат заштитата која ја имаат војниците и воените заробеници. Друга причина која често се наведува е релативната физичка слабост на жените, а примарните квалитети кои им се потребни на борците се сила и издржливост. Но оваа констатација не спречила многу општества да ги користат жените како запрежни животни во активности далеку од војната, а притоа да не ги вклучуваат во никаков натпревар со мажите. Затоа, ниту желбата за изземање на жените од тешка физичка работа, ниту потребата да бидат спасени од силување, не може да објаснат зошто тие ретко се ангажираат во вооружените конфликти. Очигледно, вистинската причина не е воена, туку културна и општествена (Creveld, 1991:184). Така, во повеќето општества, нештата кои ги создал мажот и кои се во негов домен, се сметаат за значајни, па воената сфера и војувањето, како „машка" работа, ужива поголем статус, а машката улога во тој домен е повеќе вреднувана. Од друга страна, некоја област во која доминираат жените не им дозволува на мажите да се реализираат себеси како мажи. Во тој контекст, влегувањето на жените во воената сфера би ги загрозила нивните интереси или, што е уште поризично, би можеле да бидат поразени од жените. Кога бунтовниците, на пример, се соочуваат со моќна воена сила, големата разлика во силите им дозволува на жените да учествуваат во бунтот, без да претставуваат закана за она што го прават мажите. Но, кога некоја победа ќе ја намали разликата меѓу силните и слабите, повторно се воспоставува законот на обичниот живот, а жените повторно, не по своја вина, може да очекуваат да бидат ставени во сенка.

Ангажирањето на жените во современите вооружени конфликти не значи дека дискриминаторските ставови и практики се минато. Негативните стереотипи за жените и нивното учество во воената сфера продолжуваат и ја зајакнуваат тенденцијата мажите да ја имаат улогата на војник и воин. Со тоа, воениот колектив станува типично машка средина со непријателска клима кон жените, а лидерството на мажите во оваа професија и понатаму се однесува како бариера за учество на жените.

### *Заклучок*

Фактот дека жените се покажаа како способни да се вклучат во современите армии на многу држави од средината на 70-тите години па наваму, не треба да се смета како знак дека односите меѓу половите се промениле. Израел е единствена држава во светот чија армија го прифатила обемното ангажирање на жените, но нивното учество сепак е проблема-

тично на многу начини, така што разликите меѓу половите во однос на улогата која ја имаат во современата армија стануваат сѐ поголеми. Ако во Израел потребата за човечки ресурси беше главна причина да се ангажираат и жените во вооружените сили, во другите држави тоа не беше барање на националната одбрана (освен во периодот на светските војни), туку пред сѐ, резултат на феминистичките притисоци кои го инспирираа законодавството да го стори тоа. И покрај различно доделените улоги на жените во современите армии и конфликти, нивното учество сѐ уште е контраверзно и без еднаков третман со улогата на мажите. Во време кога природата на конфликтите е изменета, и на меѓународна сцена стапија конфликтите со низок интензитет, армиите ја изгубија својата улога на големи воени машинерии. Новите современи армии им овозможуваат пристап на жените, пред сѐ, поради современата воена опрема и начин на војување за кои, не силата, туку знаењето и способностите се најзначајни. Па сепак, насилството и пошироката дискриминација базирана на половите во воената сфера и натаму останува ендемична во поголемиот дел од светот и останува уште многу да се направи за да жените соодветно се третираат и да не добиваат само споредна улога и значење во современите армии.

***Литература***

Adanić, S., Tatalović, S., (1993), "Oružane snage-novačenje i mobilizacija", Otvoreno sveuciliste, Zagreb

Addis, E., Valerija, E., Russo and Sebasta L., (eds), (1994), "Woman and the economic consequences of being a soldier", Macmillan/St. Martin's Press, London

Бејлис, Џ., Вирз, Џ., Греј, К., и Коен, Е., (2007), „Стратегија во современиот свет", НАМПРЕС, Скопје

Дејвис, Најра, Јувал, (1997), „Родот и нацијата", СИГМАПРЕС, Скопје

Kazi, Seema, (1993), "Women and militarization:a gender perspective", MA dissertation, ISS, The Hague

Cock Jacklyn, (1992), "Women in war in South Africa", Open Letters, London

Connel, R.W., (1987), "Gender and power", Polity Press, Cambridge

Creveld, M. van, (1991), "The Transformation of war", Free Press, New York

Tickner, A., (2001), "Gendering World Politics-Issues and Approaches in the Post-Cold War Era", Columbia University Press, New York

Hansen, L., (2000), "The Little Mermaid's Secret Security Dilemma and tehe Absence of Gender in the Copenhagen School", Milennium Journal of International studies, 29(2):285-306

Hough, P., (2006), "Understanding Global Security", Routledge, a member of the Taylor and Francis Group

*Zorica SALTIROVSKA*

# MODERN CONFLICTS AND ARMIES AND THE SUPPORTING ROLE OF WOMEN

***Summary***

*Although war has always influenced people in many ways, that influence has never been as vast as is the case with modern conflicts. Women, who are not even taking part in military actions, due to the fact that these actions are generally considered to be "a male job", suffer the greatest damage. In modern conflicts, 90% of the victims are civilians, most of whom are women and children. Women who come from conflict-stricken societies also face specific forms of violence, sexual and other, which are most often systematically employed means to a political end. Added to the discrimination and the lack of law-inforcement in the post-conflict period, sexual violence prevents women from access to education and financial independence, and from partaking in the peace-building process. Women contribute greatly in mostly informal ways, while their presence in formal peace-building processes is weak and insignificant. An exclusion of that sort leads inevitably to failure in responding properly to women's issues, among which sexual violence, post-conflict responsibilities and women's rights.*

***Key words:*** *CONFLICTS, ARMIES, WOMEN, DISCRIMINATION*